**АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА**
***АДВОКАТ ВЛАДИМИР ПЕТЛИЧКОВСКИ***

МАЛВП-218/2024

До Апелационен суд Битола

Преку Основен суд Битола

*Тужител:* МИМОЗА КОЦЕВСКА од Битола, ул.„Анести Пановски“ бр.9/1-5 со ЕМБГ 1912960415038, аст. од полн. адв. Владимир Петличковски од Битола, ул.Коле Неделковски бр.4, со електронска адреса за прием на писмени e-mail: vipadvokat@t-home.mk

*Тужен:* АТЛАС ГЛОБАЛ ДООЕЛ Битола, со седиште во Битола на ул.„Славко Лумбарко“ бр.8 и ЕМБС 7697406 преку овластеното лице за застапување ШЕФКЕТ КИЛИЦ од Турција и електронска адреса за прием на писмени e-mail:atlasglobaldooel@gmail.com

Основ: долг

Вредност: оспорен дел 83.419,00 денари

Примени непосредно - по пошта (обично-препорачано)
18 DEC 2024 ... 2 примероци со 1 прилози
Потпис,

ЖАЛБА

Од тужителката, Мимоза Коцевска, преку полномошникот адв Владимир Петличковски од Битола, ул Коле Неделковски бр.4

Против пресудата на Основен суд Битола МАЛВП-218/2024 од 10.10.2024 година САМО ВО ДЕЛОТ НА ОДБИЕНОТО ТУЖБЕНО БАРАЊЕ во ст.3, И ВО ДЕЛОТ НА ОДБИЕНОТО БАРАЊЕ ЗА НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ НА ПОСТАПКАТА во ст.5 од пресудата

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со пресуда на Основниот суд Битола, МАЛВП-218/2024 од 10.10.2024 година, делумно е усвоено тужбеното барање на тужителката на начин што е задолжен тужениот АТЛАС ГЛОБАЛ ДООЕЛ Битола да му плати на тужителот Мимоза Коцеска од Битола на име долг за неплатена закупнина за месец март 2024 година износ од 25.000,00 денари, на име надоместок за потрошена вода износ од 2.006,00 денари и на име надоместок за Нискоградба износ од 325,00 денари, со законска казнена камата на досудените износи во висина на референтната каматна стапка на Народната банка на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени сметано од 18.04.2004 година до конечната исплата, во рок од 8 дена од правосилноста на пресудата

Со ст.3 од пресудата, поголемото барање на тужителот да се задолжи тужениот на исплата на име долг за потрошена електрична енергија во износ од 83.419,00 денари, за надоместок за комунални услоги износ од 1.352,00 денари каки и поголемото барање да се задолжи тужениот на исплата на долг на име надоместок за Нискоградба на износ над досудениот до бараниот од 833,00 денари тужбеното барање е одвиено како неосновано.

Со ст.5 од пресудата поголемото барање на тужителот за надомест на трошоците на постапката над досудениот износ до бараниот износ од 21.378,00 денари СЕ ОДБИВА, како неосновано.

Незадоволна со делот на пресудата со кој е обиено туѓбеното барање под ст/3 и 5, тужителката навремено и дозволено, преку свјот полномошник, ја обжалува истата само во погоре наведениот дел, од следните чричини и по сите законски основи.

Не е спорна утврдената фактичка положба дека тужителката со тужениот склучиле договор за закуп на недвижен имот- куќа.

Исто тскс, правилно утврдил првостепениот суд дека тужениот не ги исполнувал обврските согласно договорот за закуп и анексот кон него, па тужителката на 23.02.2024 година испратила до него опомена пред тужба со која помеѓу другите забелешки, го повикала на подмирување на сите трошоци кои произлегувале од договорот и анексот, а во спротивно договорот ќе се раскинел и ќе била покрената судска постапка. До престанокот на закупниот однос согласно со договорот за закуп т.е.до 31.03.2024 година, тужениот не и платил на тужителката закупнина за месец март 2024 година во износ од 25.000,00 денари, како и режиски трошоци за струја , вода комуналии и слично.

Фактурата за искористена електрична енергија за периодот од 05.01.2024 година до 04.02.2024 година, кога тужениот ја користел кукатa на тужителката, за корисник Коцевска Мимоза за адреса Илинденска бр.240 изнесува 83.419,00 денари, и истата не е платена од туениот, па тужителката морала да ја плати самата.

Првостепениот суд прифатил дека тужениот требало да го плати овој износ, но не прифатил дека износот е платен од страна на тужителата и дека истата може да го побарува од тужениот по било кој правен основ.

Притоа, прводстепенот суд погрешмо утврдил дека овој износ не е платен од страна на тужителката, бидејки и од картицата за корисник Коцевска Мимоза за адреса Илинденска бр.240 издадени ЕВН, може да се потврди дека овој износ во целост е платен од страна на тужителката, а впрочем истото може да се потврди и од сметките приложени во списите, а крајно, ни самиот тужен не го оспорил ова тврдење, ниту пак приговорил на оваа околност.

Истото се однесувба и на сметките од ЈП Водовод Битола, КЈП Нискоградба Битола, и од ЈП Комуналец Битола

Во прилог на жалбата доставуваме преглед од картица на ЕВН од која се гледа дека тужителката ги има платено овие сметки и дека погрешно е тврдењето на првостепениот суд дека сметките не се платени, и дека барањето на тужителката за надомест на овој износ е неосновано.

Во овој дел, првостепениот суд донел една противречна и нејасна пресуда.

Имено, во своето образложение, првостепениот суд наведува дека тужителката не докажа дека таа ги платила за сметките за потрошена електрична енергија во износ од 83.419,00 денари, за надоместок за комунални услуги износ од 1.352,00 денари, и не докажа дека на КЈП Нискоградба му

ја платила сметката за 02 месец 2024 година во износ од 508,00 денари, како би можела така исплатените износи да ги побарува од тужениот на име долг од неплатени сметки.

Ваквото тврдење е спротивно на фактите, и е нелогично.

Првостепениот суд наведува дека плаќањето на трошоците за дадените услуги првенствено претставува обврска на тужителката, иако согласно одредбите на договорот и анексот тоа е исклучива обврска на тужениот.

Натаму, дури и да е така, ако се земе предвид дека како евидентиран корисник во евиденциите на погоре наведените субјекти е тужителката, таа мора да ги плати овие сметки што истата и го стори, а од друга страна таа непотребно е излоена на штета, која и по друг законски основ, надвор од дологот е обврска на тужениот да и ја надомести истата.

Оттука, сосема погрешно првостепениот суд смета дека доколку овие износ и бидат досудени на тужителката, истата неосновано би се збогатила.

Погрешно и противречно е образложението на судот дека тужителката би можела да истакнува барање спрема тужениот за исплата на погоре наведените износи откако истите ќе бидат подмирени од нејзина страна (иако тужитеката очигледно го сторила, а првостпениот суд бил должен да го провери доколку не верува на нејзиното тврдење) или откако истите ќе и бидат присилно наплатени во постапки за извршување (што очигледно упатува на тоа дека постои и основ за надомест на штета која тужениот и ја причинил на тужителката).

Од овие причини, сметаме дека пресудата на првостепениот суд во обжалениот дел е нејасна , противречна и незаконита.

Затоа предлагаме жалбата на тужитеката да биде усвоена како основана, и првостепената пресуда преиначена во обжалениот дел, на начин што тужбеното барање ќе биде усвоено.

Воедно сметаме дека одлуката за процесните трошоци во тој случај треба да биде преиначена и да бидат усвоени сите предјавени процесни трошоци заедно со трошоците стоорени по повод оваа жалаба во висина од 3.337,00 денари за судски такси, за состав на жалбата во висина од 9.750,00 ден. и 18% ддв во висина од 1.755,00 ден., или вкупно 14.842,00 денари.

Битола, 18.12.2024 год.

За тужителот - полномошник,

адв.**Владимир Петличковски**

АДВОКАТ Владимир Петличковски Коле Неделковски Битола т.: 047 / 22 09 92, ф.: 20 ... моб. 070 / 20 ...



| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 788172 | БИТОЛА - ул. ИЛИНДЕНСКА бр. 240 ст. н.приклу | 10-04-2024 | 30-04-2024 | 7.919,00 | 0,00 | Платеі |
| 790077 | БИТОЛА - ул. ИЛИНДЕНСКА бр. 240 ст. *2 | 10-04-2024 | 30-04-2024 | 4.137,00 | 0,00 | Платеі |
| 778537 | БИТОЛА - ул. ИЛИНДЕНСКА бр. 240 ст. *2 | 11-03-2024 | 26-03-2024 | 104.282,00 | 0,00 | Платеі |
| 077203 | БИТОЛА - ул. ИЛИНДЕНСКА бр. 240 ст. *2 | 10-01-2024 | 30-01-2024 | 20.516,00 | 0,00 | Платеі |